РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.145/21-1
02.02.2021 год
ШТИП

Комисија за селекција за вработување постапувајки согласно чл. 12„Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција,за испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници„ (Службен весник на РМ бр.236/18 од 24.12.2018 година), со цел да изврши административна селекција на пријавените кандидати на ден 02.02.2021 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е   ЗА   И С П Р А В К А

Се врши исправка на Извештај од административна селекција по оглас бр. 2/2020 т. 2, за прием на Самостоен судски референт- водител на писарница – еден извршител Су.бр.145/21 од 01.02.2021 година во делот на Информација, така што наместо **10.02.2021** г (среда) треба да стои **11.02.2021 г (четврток).**

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за вработување на ден 01.02.2020 година на веб страната на судот објави Извештај од административна селекција по оглас бр. 2/2020 т. 2 , за прием на Самостоен судски референт- водител на писарница – еден извршител Су.бр.145/21 од 01.02.2021 година.

Мегутоа во делот на информацијата направена е ненамерна техничка грешка во врска со Втората фаза на селекција (испит на судски службеник – стручен дел и англиски, германски или француски јазик) така што наместо 11.02.2021 година(четврток) по грешка е наведено 10.02.2021 година(среда), поради што се одлучи како во изреката, така што сега

информацијата гласи : Втората фаза на селекција (испит на судски службеник – стручен дел и англиски, германски или француски јазик) ќе се одржи на **11.02.2021** г (четврток) во 09:00 часот во салата за состаноци во Апелациониот суд Штип.

Претседател на комисијата
за селекција за вработување
Лилјана Кирова